**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник РСМ бр. 42/20), објавува

# О Г Л А С
## за избор на

I

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар

II

1. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија
2. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци
3. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево
4. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
5. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
6. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово
7. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид
8. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
9. Пет јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје
10. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица
11. Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово
12. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип

III

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл.61, како посебен услов од чл.62 од Законот за јавно обвинителство (Сл весник на РСМ бр. 42/20), потребно е да исполнуваат:

1. Кандидатите за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителсво, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку шест години стаж како јавен обвинител до моментот на пријавување

за именување и кои се оценети со позитивна оценка во последните две години.

2. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има завршено обука утврдена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит и уверение за завршена обука утврдена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на ул. "Кеј Димитар Влахов"бр.4, V спрат во рок од 15 дена од објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-132/1
Скопје, 15.06.2023 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**